Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KЁSHILLI GJYQЁSOR I REPUBLIKЁS SЁ MAQEDONISЁ SЁ VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 07-30/1
07.06. 2024 год.

СКОПЈЕ

**ДО**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ
## на Комисијата за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите

Судскиот совет на РСМ донесе решение бр.02-336/38 од 16.05.20204 година за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија и судиите од апелационото подрачје Битола, кои треба да се одржат на 06.06.2024 година.

Со одлука на Советот бр.02-336/32 од 16.05.2024 година фомирана е Комисија за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите во состав: Субхи Јакупи, судија на Виш управен суд – Претседател на Комисијата, Даниела Димовска, судија на Основен кривичен суд Скопје – заменик претседател, Емилија Шопар Јованова, судија на Основен граѓански суд Скопје – член на комисија, Сузана Дончевска, судија на Основен граѓански суд Скопје – заменик член на комисија и Јелена Кадриќ од Институ за човекови права – член и заменик член. Подоцна со одлука за измена и дополнување на одлуката бр.02-336/32 од 16.05.2024 година,

заверена под бр.02-336/45 од 03.06.2024 година, за заменик член на Јелена Кадриќ е определена Јелена Ристиќ, адвокат од Скопје.

Со одлука бр.02-336/40 од 16.05.2024 година за секретар на Комисијата се определува Владимир Станковиќ, државен советник, а за заменик секретар Емилија Николиќ, државен советник. Исто така за лице овластено за водење на финансиите за потребите на постапката за избор на членови во Судскиот совет на РСМ се определува Насер Мемети, државен советник.

Комисијата согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на РСМ ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/2019) ги спроведува изборите и го подготвува изборниот материјал.

Во рамки на своите надлежности Комисијата ги утврди бројот и седиштето на изборните места во судовите согласно Законот за судовите, го утврди составот на изборните одбори, ја усвои формата и содржината на општото гласачко ливче, ги усвои обрасците за спроведување на изборите, и тоа: записник за предавање на изборен материјал од Комисијата за спроведување на избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите, записник на Изборниот одбор на Врховниот суд на Република Северна Македонија и на изборните одбори од апелационото подрачје Битола, записник за текот и резултатот на гласањето од Изборниот одбор на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од изборните места на апелационото подрачје Битола, записник за предавање на изборен материјал од Изборниот одбор на Врховниот суд на Република Северна Македонија и од изборните места на апелационото подрачје Битола и записник за сумирање и утврдување на изборниот резултат од гласањето за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од општата листа за кандидати од Врховен суд на Република Северна Македонија и за избор на членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија од редот на судиите од општата листа за кандидати од апелационото подрачје Битола.

Потоа Комисијата донесе одлука за утврдување на вкупниот број на судии во Врховниот суд на Република Северна Македонија и од апелационото подрачје Битола согласно Судскиот изборен именик, како и потребниот број на гласачки ливчиња. Понатаму, изготви упатство за гласање, упатство за пакување и враќање на изборниот материјал и упатство за начинот чување на изборниот материјал. Комисијата исто така достави и финансиски план до

Сметководството на Судскиот совет на РСМ. Ги прибави гласачките ливчиња, ги обезбеди гласачки кутии и друг потребен материјал за гласање, како и други активности согласно закон.

На ден 04.06.2024 година Комисијата го предаде изборниот материјал до изборните одбори за сите 7 изборни места.

На ден 06.06.2024 година се спроведоа изборите во период од 8 до 15 часот и немше никакви изборни нерегуларности.

Првите сумарни резултати од Комисијата беа утврдени на 06.06.2024 година во 19 часот и јавно беа сопштени, согласно член 25 став 1 од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Во рамките на роковите за поднесување на приговори за текот гласањето и рокот за објавените резултати од гласањето ниту еден кандидат не поднесе приговор до Комисијата за избор.

Комисијата за спроведување на избори на ден 07.06.2024 година преку соопштение јавно ги објави конечните резултати од гласањето, и тоа:

| **Суд** | **Број на судии од изборен именик** | **Број на гласачи кои гласале** | **Број на неважечки гласачки ливчиња** | **Број на неупотребени гласачки ливчиња** | **Кандидат** |
|---|---|---|---|---|---|
| Врховен суд на РСМ | 15 | 11 | 2 | 4 | 1.Цветанка Периќ – 2 гласа<br>2.Исамедин Лимани – 7 гласа |

| **Суд** | **Број на судии од изборен именик** | **Број на гласачи кои гласале** | **Број на неважечки гласачки ливчиња** | **Број на неупотребени гласачки ливчиња** | **Кандидат** |
|---|---|---|---|---|---|
| Апелационо подрачје Битола | 43 | 42 | 1 | 1 | 1.Александар Камбовски – 28 гласа<br>2.Александра Поп Стефанија – 3 гласа<br>3.Татјана Сусулеска – 10 гласа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Апелационен суд Битола | 9 | 9 | 0 | 0 | 1.Александар Камбовски – 5 гласа<br><br>2.Александра Поп Стефанија – 0 гласа<br><br>3.Татјана Сусулеска – 4 гласа |
| Основен суд Битола | 14 | 13 | 1 | 1 | 1.Александар Камбовски – 9 гласа<br><br>2.Александра Поп Стефанија – 0 гласа<br><br>3.Татјана Сусулеска – 3 гласа |
| Основен суд Охрид | 10 | 10 | 0 | 0 | 1.Александар Камбовски – 5 гласа<br><br>2.Александра Поп Стефанија – 3 гласа<br><br>3.Татјана Сусулеска – 2 гласа |
| Основен суд Прилеп | 4 | 4 | 0 | 0 | 1.Александар Камбовски – 4 гласа<br><br>2.Александра Поп Стефанија – 0 гласа<br><br>3.Татјана Сусулеска – 0 гласа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд Ресен | 3 | 3 | 0 | 0 | 1.Александар Камбовски – 3 гласа<br><br>2.Александра Поп Стефанија – 0 гласа<br><br>3.Татјана Сусулеска – 0 гласа |
| Основен суд Струга | 3 | 3 | 0 | 0 | 1.Александар Камбовски – 2 гласа<br><br>2.Александра Поп Стефанија – 0 гласа<br><br>3.Татјана Сусулеска – 1 гласа |

Во законски предвидниот рок немаше доставено приговори, согласно одредбите од Законот за Судскиот совет на РСМ.

Согласно член 25 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ за избран член на Советот се смета кандидатот што добил најголем број на гласови од изборни единици. Врз основа на сумираните резултати од гласањето за општата листа за кандидат од Врховниот суд на РСМ за член на Судски совет на РСМ од редот на судиите од Врховен суд на РСМ е избран **Исамедин Лимани**, судија на Врховниот суд на РСМ.

Согласно член 25 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ за избран член на Советот се смета кандидатот што добил најголем број на гласови од изборни единици. Врз основа на сумираните резултати од гласањето за општата листа за кандидат од апелационото подрајче Битола за член на Судски совет на РСМ од редот на судиите од апелационото подрајче Битола е избран **Александар Камбовски**, судија на Апелациониот суд Битола.

Согласно член 25 став 4 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Комисијата за спроведување на избори на членови на Судскиот совет на РСМ изготви Уверенија за избраните членови на Судскиот совет на РСМ.

На избраните кандидати Комисијата за спроведување на избори на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите им издаде уверенија на 07.06.2024 година.

Согласно горенаведеното Комисијата за спроведување на избори на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите успешно и согласно одредбите од Законот за Судски совет на РСМ го спроведе изборот на членови Судскиот совет на РСМ од редот на судиите од Врховниот суд на РСМ и од апелационото подрачје Битола.

**КОМИСИЈА**
**за спроведување на избори на членови на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите**

**Претседател,**
d-r Subhi Jakupi

**Член**
Емилија Шопар Јованова

**Член**
Јелена Кадриќ